ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2018 ГОДИНА НА

# ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (631)

01 2019 03 08/2

**Скопје, ноември 2019**

# С О Д Р Ж И Н А

| Опис | Страна |
|---|---|


КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР 1 - 5

Финансиски извештаи за 2018 година

Биланс на приходи и расходи 6
Биланс на состојба 7

Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи
- Вовед 8
- Сметководствени политики 8 - 9
- Образложенија кон финансиските извештаи 9 - 11

Прилог 1 – Одговор на Нацрт извештај



ул. Јордан Мијалков, Палата „Емануел Чучков“, П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, Rr. „Jordan Mijallkov“, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Jordan Mijalkov St. Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:10-98/9**

**Дата:23.12.2019**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Државен завод за статистка (во понатамошниот текст Заводот) на сметката на основниот буџет (631) за 2018 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на Заводот за 2018 година изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Државниот завод за статистика за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2018 година, заедно со ревизија на усогласеност, не се констатирани состојби кои ќе влијаат врз мислењето на овластениот државен ревизор.

Од страна на одговорното лице на субјектот добиен е Одговор на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор со кој информира дека го прифаќаат Нацрт извештајот и дека немаат забелешки по однос на истиот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 6 до 7 заедно со ревизија на усогласеност на Државниот завод за статистика на сметката на основен буџет (631), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2018 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година, извршена е ревизија на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Државниот завод за статистика и издаден е извештај за кој е изразен заклучок дека делумно се преземени потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија за непречено остварување на целите на субјектот.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на Државниот завод за статистика застапувано од:

- Апостол Симовски, в.д директор до 19.02.2018 година и директор од 20.02.2018 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и

воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни

прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 02.05.2019 до 31.08.2019 година, кај Државниот завод за статистика, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Државниот завод за статистика за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Заводот, одржан на ден 17.09.2019 година.
Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2018 година, заедно со ревизија на усогласеност, не се констатирани состојби кои ќе влијаат врз мислењето на овластениот државен ревизор.
Од страна на одговорното лице на субјектот добиен е Одговор на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 10-98/7 од 14.11.2019 година со кој информира дека го прифаќаат Нацрт извештајот и дека немаат забелешки по однос на истиот.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државниот завод за статистика на ден 31 декември 2018 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Останати прашања

Одредбите за пресметување на данокот на добивка, стапката по која се пресметува, обврзниците за плаќање, даночната основа за пресметување, роковите за плаќање и сите прашања кои се значајни за пресметување на данокот на добивка за 2018 година се пропишани со Законот за данок на добивка[1] и Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот на добивка и начинот на одбегнување на двојното ослободување

[1] „Службен весник на РМ“ бр. 112/14,44/15,129/15,23/16 и 190/16

или двојното оданочување[2]. Согласно член 4 од законот, „обврзник на данокот на добивка е правно лице резидент на РСМ кој остварува добивка од вршење на дејност во земјата и странство“.

Во Службен весник број 248 од 31.12.2018 година објавена е измената на Законот за данок на добивка која ќе се применува од 1 јануари 2019 година. Со оваа измена додаден е член 4-а со кој одделни организации се изземени и со кој е пропишано: „здруженијата на граѓани, сојузите како и секој организационен облик на странска организација, како и друга форма на здружување, регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, не се обврзници за данок на добивка.“ Во ставот 2 од истиот член набројани се неоданочивите приходи ослободени од данок на добивка кај овие организации меѓу кои и приходите остварени од Буџетот на Републиката, буџетите на локалната самоуправа и Буџетот на град Скопје.

Државниот завод за статистика е стручна самостојна управна организација со својство на правно лице и надлежности утврдени со Законот за државна статистика, со кој се уредува поставеноста и полето на работа на државната статистика, методолошките и организациски основи на статистичките истражувања, прибирање, обработка, презентирање, чување, заштита и дисеминација на статистички податоци. Заводот на Буџетска сметка на основен буџет (631) и Буџетска сметка од самофинансирачки активности (787) реализира приходите остварени од услуги на буџетски корисник, на кои се наплатуваат приходи од вршење на работите на државната статистика, издавање на публикациони материјали и надомест на трошоци за подготовка на податоци по барање на корисниците од земјата и странство, врз основа на закон. Воспоставена е пракса на горенаведените буџетски сметки Заводот да пресметува и плаќа данок на добивка на непризнаените расходи (репрезентација, патарини, такси, казни) при што заклучно со 2018 година пресметан и платен е данок на добивка по аконтации и по годишни сметки во вкупен износ од 276 илјади денари за двете сметки, односно 50 илјади денари на сметка на основен буџет (631) и 226 илјади денари на сметка од самофинансирачки активности (787) .

Имајќи во предвид дека и со последните измени на Законот за данок на добивка од 31.12.2018 година не се опфатени буџетските корисници, ревизијата е на мислење дека, со цел да се избегне погрешното и различно толкување и постапување на државните органи во врска со данокот на добивка потребно е прецизно и јасно да се пропише начинот на примена на Законот за данок на добивка кај буџетските корисници, единиците на локалната самоуправа, Буџетот на градот Скопје и буџетите на фондовите.

[2] „Службен весник на РМ “бр.174/14 и 31/17

**Државен завод за статистика**

**Сметка на основен буџет (631)**

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 **година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2018** | **2017** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 298 | 355 |
| **Вкупно приходи** | | **298** | **358** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 112 | 134 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.2. | 151 | 290 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **263** | **424** |
| **Вкупно расходи** | | **263** | **424** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | 35 | -67 |

**Државен завод за статистика**

**Сметка на основен буџет (631)**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 85 | 50 |
| **Вкупно тековни средства** | | **85** | **50** |
| **Вкупна актива** | | **85** | **50** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.2.1. | 15 | 31 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 20 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **35** | **31** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.3.1. | 50 | 19 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **50** | **19** |
| **Вкупна пасива** | | **85** | **50** |